РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јуни 2014 година



Скопје, август 2014

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јуни 2014 година

- Индустриското производство во јуни 2014 година во споредба со јуни 2013 година забележа раст од 4,9%;
- Инфлацијата на годишна основа е намалена за 1,1%, а на месечна основа забележа пад од 0,2%. Просечната стапка на инфлација во првата половина од 2014 година изнесува -0,2%;
- Извозот во периодот јануари - јуни 2014 година забележа раст од 12,8%, а увозот раст од 6,7%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 3,6% во однос на истиот период од 2013 година;
- Во првото полугодие од 2014 година вкупните приходи во Буџетот забележаа раст од 3,8%, а вкупните расходи раст од 4,3%. Дефицитот на Буџетот на РМ во овој период изнесува 14.758 милиони денари (2,97% од БДП), а дефицитот на Централниот буџет 12.624 милиони денари (2,5% од БДП);
- Раст на вкупните кредити кон приватниот сектор од 8,5% на годишна основа и раст на вкупниот депозитен потенцијал на банките од 8,3%.

# 1. Реален сектор

## Индустриско производство

Во јуни 2014 година индустриското производство забележа раст од 4,9% во споредба со јуни 2013 година. Анализирано по сектори, секторот Преработувачка индустрија забележа раст на производството од 12,8%. Секторот Рударство и вадење камен забележа пад од 9,9% како резултат на падот во гранките Вадење руди на метал од 20,5% и Вадење јаглен и лигнит од 3,1%, додека гранката Вадење други руди и камен забележа раст од 11,6%. Секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација забележа пад од 33,1%.

Индустриско производство (во %) - јуни 2014 година

| | м/м-12 | м/м-1 | I-VI 2014 / I-VI 2013 |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 4,9 | -1,9 | 4,5 |
| Рударство и вадење камен | -9,9 | -15,4 | 0,4 |
| Преработувачка индустрија | 12,8 | 3,6 | 10,3 |
| Снабдување со ел. енергија, гас пареа и климатизација | -33,1 | -28,8 | -21,2 |

Извор: ДЗС

Во рамките на Преработувачката индустрија позитивен годишен раст е регистриран кај 16 од 23 гранки, кои сочинуваат 62,95% од индустриското производство. Кај гранките со двоцифрено учество во структурата на индустриското производство забележан е раст во гранката Производство на облека од 9,4%, додека кај гранката Производство на прехранбени производи забележан е раст од 4,2%. Висок раст е остварен и кај следните гранки: Производство на текстил 72,7%, Поправка и инсталирање машини и опрема 71,8%, Производство на мебел 53,9%, Производство на хемикалии и хемиски производи 51,8%, Производство на машини и уреди, неспомнати на друго место 42,4%, Производство на електрична опрема 29,7% и Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати 23,2%. Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во јуни 2014 година има Производство на машини и уреди, неспомнати на друго место (2,5 п.п.), а најголем негативен придонес има Производство на производи од гума и производи од пластични маси и Производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема (-0,3 п.п.).




Индустриското производство во јуни 2014 година во однос на мај 2014 година забележа пад од 1,9%. Секторската анализа укажува дека раст е забележан само во секторот Преработувачка индустрија од 3,6%, додека пад е забележан во секторите Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 28,8% и Рударство и вадење камен од 15,4%.

На кумулативна основа, индустриското производство во периодот јануари - јуни 2014 година во однос на истиот период од 2013 година забележа раст од 4,5%. Секторите Преработувачка индустрија и Рударство и вадење камен забележаа раст од 10,3% односно 0,4%, додека секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација забележа пад од 21,2%.

Податоците за индустриското производство по наменски групи во јуни 2014 година во однос на јуни 2013 година покажуваат зголемување на производството кај: Капитални производи од 70,6%, Трајни производи за широка потрошувачка од 36%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 6,4% и Интермедијарни производи, освен енергија од 0,2%, додека пад е забележан кај групата Енергија од 26,9%.

На месечно ниво, податоците за индустриското производство по наменски групи во јуни 2014 година покажуваат зголемување кај групите: Трајни производи за широка потрошувачка од 43,8%, Нетрајни производи за широка потрошувачка 4,2% и Капитални производи од 1,1%. Пад е забележан кај групите: Енергија од 28,8% и Интермедијарни производи, освен енергија од 1,8%.

На кумулативна основа, во периодот јануари – јуни 2014 година во однос на истиот период од минатата година раст е забележан кај групите: Капитални производи од 41,7%, Интермедијарни производи, освен енергија од 8,7%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,5% и Трајни производи за широка потрошувачка од 2,2%. Пад е забележан единствено кај групата Енергија од 16%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Според оценката, тековната економска состојба на деловните субјекти во јуни 2014 година е поповолна во однос на претходниот месец, а понеповолна во однос на јуни 2013 година.

Оценката за обезбеденоста на производството со порачки е поповолна во однос на претходниот месец, а понеповолна во однос на јуни 2013 година. Во јуни 2014 година оценката за обемот на производство во изминатите три месеци е поповолна во однос на мај 2014 година, а понеповолна во однос на јуни 2013 година. Во јуни 2014 година, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се понеповолни во однос на претходниот месец, а поповолни во однос на јуни 2013 година.



Во однос на бројот на вработените, очекувањата во јуни 2014 година за наредните три месеци се непроменети во однос на минатиот месец, а поповолни во однос на јуни 2013 година.

Просечното искористување на капацитетите во јуни 2014 година изнесува 61,2%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец кога изнесуваше 61,1%. Споредено со јуни 2013 година, искористеноста на капацитетите е повисока за 0,3 п.п..

Во јуни 2014 година залихите на суровини и репроматеријали, како и тековните набавки на суровини и репроматеријали, се под и околу нормалата. Оценката за сегашната состојба со залихите на готови производи е поповолна во споредба со претходниот месец и во споредба со јуни 2013 година. Во наредниот тримесечен период, според оценката на раководителите, се очекува намалување на просечните набавни цени на инпутите, додека продажните цени на готовите производи се очекува да се зголемат.

Според оценките, најголемо влијание на ограничувањето на обемот на производството во јуни 2014 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 25,8%, недоволната домашна побарувачка со 18,8%, недостигот на квалификувана работна сила со 13,3%, неизвесното економско окружување со 7,8% и финансиските проблеми со 7,6%.

Како ограничувачки фактори во јуни 2014 година во однос на мај 2014 година, помал број од деловните субјекти ги посочиле: недоволната домашна побарувачка, недоволната странска побарувачка, конкурентниот увоз, финансиските проблеми  и неизвесното економско окружување, додека поголем број од деловните субјекти ги посочиле: недостигот на суровини, недостигот на опрема, недостигот на квалификувана работна сила и нејасните економски закони.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во јуни 2014 година во однос на јуни 2013 година забележа раст од 7,4%. Секторската анализа укажува на зголемување на бројот на работници во секторите Преработувачка индустрија за 8,7% и Рударство и вадење камен за 0,6%, додека во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација има намалување на бројот на работници од 0,8%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јуни 2014 година во однос на јуни 2013 година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи за 99,7%, Трајни производи за широка потрошувачка за 8,5%, Интермедијарни производи, освен енергија за 3,1% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 2,5%, додека кај групата Енергија има пад од 4,2%.

Индексот на бројот на работниците во индустријата во периодот јануари – јуни 2014 година, во однос на периодот јануари - јуни 2013 година, изнесува 7%.

# Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јуни 2014 година беа издадени 169 одобренија за градба, што претставува намалување од 6,1% во однос на истиот месец од претходната година. Вкупниот број издадени одобренија за градење е намален за 12,9% во однос на мај 2014 година, кога беа издадени 194 одобренија.




Предвиденатa вредност на објектите според издадените одобренија за градење во јуни изнесува 1.933 милиони денари што е за речиси 1,3 пати повеќе во однос на јуни 2013 година. Во однос на мај 2014 година, вредноста на објектите бележи намалување за 67%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 126 (или 74,6%) се наменети за објекти од високоградба, 18 (или 10,6%) за објекти од нискоградба и 25 (или 14,8%) за објекти за реконструкција.




Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 169 издадени одобренија за градба, за 119 (или 70,4%) објекти како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 50 објекти (или 29,6%) инвеститори се деловни субјекти.

Во јуни 2014 година предвидена е изградба на 292 стана, со вкупна корисна површина од 26.765м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е зголемен за 46,7% во однос на истиот месец од 2013 година, а намален за 42,1% во однос на мај 2014 година.

Анализирано по региони, во јуни 2014 година најмногу одобренија за градба се издадени во Скопскиот регион, вкупно 54, од кои 36 одобренија се издадени за инвеститори – физички лица и 18 за инвеститори – деловни субјекти. Најмалку издадени одобренија има во Североисточниот регион, вкупно 6, од кои 5 одобренија се издадени за инвеститори - физички лица и 1 за инвеститори - деловни субјекти.

Анализирано на кумулативна основа, во периодот јануари – јуни 2014 година најмногу одобренија за градба се издадени во Скопскиот регион, вкупно 397,

од кои 209 се за инвеститори - физички лица, а 188 за инвеститори - деловни субјекти. Најмалку издадени одобренија има во Североисточниот регион, односно 60, од кои 42 се за инвеститори - физички лица, а 18 за инвеститори - деловни субјекти.

## Инфлација

Годишната стапка на инфлација во јуни 2014 година, измерена според Индексот на трошоците на животот, изнесува -1,1 %. Во споредба со мај 2014 година, инфлацијата забележа пад од 0,2%. Просечната стапка на инфлација за првите шест месеци од 2014 година изнесува -0,2%.

На годишна основа, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, забележаа пад од 3%, што главно се должи на падот на цените на маслото, овошјето и зеленчукот. Намалување на цените на годишно ниво е забележано и во категориите: Рекреација и култура од 5,4%, Комуникации од 3,4%, Мебел, покуќнина и одржување покуќнина од 1,7%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 1,5% и Ресторани и хотели од 1,2%. Највисок годишен раст на цените во јуни е регистриран во категоријата Здравје и тоа од 10,9%. Раст на цените е регистриран и во следните категории: Алкохолни пијалаци и тутун од 2,7%, Останати стоки и услуги од 1,8%, Облека и обувки од 1,5%, Транспорт од 1,2% и Образование од 0,2%.




На месечна основа, инфлацијата во јуни 2014 година е намалена за 0,2%. Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци регистрираа пад од 0,6%. Месечен пад на цените е забележан и во категориите: Комуникации од 2,1%, Рекреација и култура од 0,6% и Мебел, покуќнина и одржување покуќнина од 0,3%, Највисок раст на цените на месечно ниво во јуни е забележано во категоријата Здравје од 1,5%. Зголемување на цените е регистрирано и во категориите: Алкохолни пијалаци и тутун и Транспорт од 0,3%, Ресторани и хотели од 0,2% и Останати стоки и услуги од 0,1%. Цените останаа непроменети во категориите Облека и обувки; Домување, вода, електрика, гас и други горива и Образование.

Цените на мало во јуни 2014 година во однос на јуни 2013 година се пониски за 1,4 % Споредено со претходниот месец, цените на мало се намалија за 0,4%. Просечниот раст на цените на мало во првата половина од 2014 година изнесува -0,5%.

## Берзански цени

Во јуни 2014 година цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи забележа раст од 2% во однос на претходниот месец и изнесуваше 111,9 долари за барел. Споредено со јуни 2013 година, цената на нафтата е повисока за 8,5%. Цената на природниот гас во јуни се намали за 1,8% во однос на претходниот месец.

Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, во јуни 2014 година се тргуваше со просечна цена од 18.629 долари за еден метрички тон ($/мт), што претставува месечен пад на цената од 4%. Споредено со јуни 2013 година цената на никелот е повисока за 30,5%. Во рамки на основните метали, месечно намалување на цената забележаа и калајот и бакарот од 2,2% и 1%, соодветно, додека зголемување на цената забележаа алуминиумот од 5%, цинкот од 3,4% и оловото од 0,5%. Цената на железната руда во јуни забележа месечен пад од 7,9%. Кај благородните метали среброто забележа месечно зголемување на цената од 3,1%, додека златото и платината забележаа месечно намалување на цената од 0,8% и 0,2%, соодветно.




Во јуни 2014 година цената на пченицата на светските берзи се намали за 8,4% во однос на мај, а цената на пченката се намали за 6,9%. Цената на јагнешкото месо во јуни забележа месечен раст од 0,4%.

# 2. Надворешно - трговска размена

Вкупната надворешно - трговска размена во првата половина од 2014 година изнесува 4.311,8 милиони евра, што претставува зголемување за 9,1% во однос на истиот период од 2013 година.

## Извоз

Во периодот јануари - јуни 2014 година физичкиот обем на извозот останува на исто ниво во однос на периодот јануари - јуни 2013 година, а вредноста на извезените стоки изнесува 1720,7 милиони евра и бележи раст од 12,8% (195,7 милиони евра) во однос на периодот јануари - јуни 2013 година.

Во јуни 2014 година вредноста на извезените стоки изнесува 295,0 милиони евра и бележи раст од 8,4% (22,9 милиони евра) во однос на јуни минатата година. Анализирано на месечно ниво, во јуни 2014 година извозот бележи поместување надолу од 6,7% (21,3 милиони евра) во однос на претходниот месец.




Сезонски прилагоденото движење на извозот во јуни 2014 година бележи месечен пад од 4,4%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (2,3 п.п.) врз извозот во овој месец.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - јуни 2014 година се: хемиски материи и производи 17,9%, железо и челик 14,9%, облека 14,7%, метална руда и отпадоци од метал 4,3%, пијалаци и тутун 4,6% и нафта и производи од нафта 1,4%. Овие шест групи производи сочинуваат 42,2% од вкупниот извоз на државата.




Во првата половина од 2014 година, гледано по економска намена најголемо учество во извозот имаат: стоки за индустриски набавки (49,2%), потоа следуваат стоки за широка потрошувачка (20,9%), производи за инвестиции без транспортна опрема (12,8%), храна и пијалаци (9,2%), транспортна опрема (6,6%) и горива и мазива (1,3%).

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2013 | I - VI - 2014 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 283,2 | 278,6 | -4,6 | -1,6 |
| Мил. ЕУР | 291,3 | 256,0 | -35,2 | -12,1 |
| Мил.$ | 381,8 | 350,8 | -31,1 | -8,1 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2013 | I - VI - 2014 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 306,5 | 237,6 | -69,0 | -22,5 |
| Мил. ЕУР | 149,3 | 118,0 | -31,3 | -21,0 |
| Мил.$ | 196,1 | 161,8 | -34,3 | -17,5 |

*)Претходни податоци

Анализирано по тарифи, најзастапени производи во извозот се: катализатори на подлога со благороден метал или со соединенија на благородни метали како активна материја; машини и апарати за филтрирање или пречистување други гасови со каталитичка постапка; фероникел; сетови на спроводници за палење и други сетови на спроводници за возила, воздухоплови или бродови; феросилициум; тутун; иницијатори на реакција, забрзувачи на реакција и

каталитички препарати; моторни возила за превоз на десет или повеќе лица, вклучувајќи го и возачот; табли, плочи, пултови, маси, ормани и друго; машки кошули од памук; и друго.




## Увоз

Увезените количини стоки во периодот јануари - јуни 2014 година се намалени за 3,4% во однос на истиот период од претходната година, а нивната вредност изнесува 2591,1 милиони евра, што претставува зголемување за 6,7% (163,5 милиони евра) во однос на истиот период од 2013 година.

Во јуни 2014 година вредноста на увезените стоки изнесува 415,9 милиони евра, што претставува зголемување од 4,6% (18,5 милиони евра) во однос на јуни минатата година. Анализирано на месечно ниво, во јуни 2014 година увозот бележи пад од 13,2% (63,2 милиони евра) во однос на претходниот месец.

Сезонски прилагоденото движење на увозот во јуни 2014 година бележи месечен пад од 3,3%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (9,9 п.п.) врз увозот во овој месец.

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2013 | I - VI - 2014 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 73,4 | 56,2 | -17,2 | -23,4 |
| Мил. ЕУР | 37,3 | 23,4 | -13,9 | -37,2 |
| Мил.$ | 48,9 | 32,1 | -16,8 | -34,4 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2013 | I - VI - 2014 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 417,0 | 472,0 | 55,0 | 13,2 |
| Мил. ЕУР | 256,4 | 256,9 | 0,4 | 0,2 |
| Мил.$ | 336,1 | 352,1 | 16,0 | 4,8 |

*)Претходни податоци

Најголем дел од увозот на стоки (според групи на СМТК) во периодот јануари - јуни 2014 година, покрај обоените метали отпаѓа на: нафта; предиво, ткаенини и текстилни производи; електрични машини, апарати и делови; железо и челик; друмски возила; и друго.

Гледано по економска намена, во периодот јануари - јуни 2014 година најголемо учество во увозот имаат: стоки за индустриски набавки (47,2%), потоа следуваат горива и мазива (14,8%), производи за инвестиции без транспортна опрема (12,7%), храна и пијалаци (10,1%), стоки за широка потрошувачка (10,1%) и транспортна опрема (5,1%).

Најзастапени производи во структурата на увозот по тарифи се: платина, необработена или во прав; гасни масла за други намени со содржина на сулфур што не надминува 0,001% по маса; електрична енергија; паладиум: необработен или во прав; керамички производи за лабораториска, хемиска или друга техничка употреба; нафтени гасови и други гасовити јагленоводороди; моторен бензин со октански број (РОН) од 95 или поголем, но помал од 98; лекови приготвени во одмерени дози; топло валани производи со дебелина помала од 3мм; масла за ложење со содржина на сулфур што надминува 0,1% по маса, но не надминува 1%; руди на никел и концентрати; и друго.




| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2013 | I - VI - 2014 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 3,4 | 6,6 | 3,2 | 95,6 |
| Мил. ЕУР | 231,9 | 308,4 | 76,6 | 33,0 |
| Мил.$ | 304,3 | 422,7 | 118,4 | 38,9 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2013 | I - VI - 2014 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 15,5 | 15,3 | -0,2 | -1,0 |
| Мил. ЕУР | 40,5 | 42,0 | 1,5 | 3,7 |
| Мил.$ | 53,0 | 57,6 | 4,6 | 8,6 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првата половина од 2014 година, трговскиот дефицит се стесни за 32,2 милиони евра или 3,6% во однос на истиот период минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, стеснувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: стеснувањето на негативното салдо во размената со транспортна опрема, стоки за инвестиции без транспортна опрема, стоки за широка потрошувачка и храна и пијалаци, додека во спротивна насока дејствуваше проширеното негативно салдо во размената со стоки за индустриски набавки и горива и мазива.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари - јуни 2014 година споредено со истиот период од 2013 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, ЕФТА, Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати и Северноамериканска зона на слободна трговија, додека пад има кај групациите: Западен Балкан, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ бележи раст од 26,5% на годишно ниво, додека кај земјите од Западен Балкан истиот бележи пад од 9,1%.

Во првата половина од 2014 година, надворешно - трговската размена на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28) во однос на истиот период од претходната година се зголемила за 21,6%, при што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешно - трговска размена бележи

позитивно поместување од 4,4 п.п. и изнесува 70,2%. Извозот на стоки со Европската унија (ЕУ 28) во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 78,8%, а увозот на стоки со 64,5%.

Во периодот јануари - јуни 2014 година 95,9% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Кина, Србија и Турција, а потоа следуваат: Италија, САД, Романија, Словенија, Русија, Австрија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија и Босна и Херцеговина.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 78,2% од трговската размена во периодот јануари - јуни 2014 година е реализирана во евра, што во однос на периодот јануари - јуни 2013 година претставува зголемување од 5,2 п.п.. На страната на извозот и увозот еврото е застапено со 88,1% и 71,7% соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 5,6 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 4,5 п.п. во однос на периодот јануари – јуни 2013 година.

Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ

| увоз | I - VI - 2013 | | | | | I - VI - 2014 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 1.470,7 | 1.629.396.244 | 61,6694 | 100.483.888.730 | 67,1 | 1.503,4 | 1.854.198.649 | 61,6833 | 114.373.153.345 | 71,7 | 224.802.405 | 13,8 |
| УСД | 1.288,4 | 680.873.024 | 46,7918 | 31.859.303.849 | 21,3 | 1.161,7 | 685.735.234 | 45,4070 | 31.137.150.070 | 19,5 | 4.862.211 | 0,7 |
| ГБП | 1,4 | 220.453.233 | 72,3482 | 15.949.403.435 | 10,7 | 2,2 | 172.498.331 | 76,7224 | 13.234.479.051 | 8,3 | -47.954.902 | -21,8 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 2.760,5 | | | 148.292.596.014 | 88,4 | 2.667,3 | | | 158.744.782.467 | 99,5 | | |
| вк извоз: | 2.765,7 | | | 149.665.335.071 | 100,0 | 2.672,5 | | | 159.597.196.301 | 100,0 | | 6,6 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# 3. Фискален сектор

## Буџетски приходи

Во периодот јануари - јуни 2014 година вкупните приходи на Буџетот изнесуваа 68.550 милиони денари, односно 13,8% од БДП, што претставува поголемо остварување за 3,8% во однос на истиот период од 2013 година.

Во првото полугодие даночните приходи се реализирани во износ од 39.103 милиони денари, односно 7,9% од БДП и во однос на истиот период од 2013 година се зголемени за 7,1%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 20.646 милиони денари, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој период е доминантно и изнесува 52,8%. Акцизите се остварени во износ од 7.465 милиони денари (учество од 19,1% во даночните приходи). Така, од овие два индиректни данока се остварени приходи од 28.111 милиони денари, односно 71,9% од вкупните даночни приходи (5,7% од БДП). Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 28.384 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 7.738 милиони денари.

Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува речиси идентично остварување, додека ДДВ од прометот во земјата забележува пад од 3,1%, учеството на ДДВ донациите и каматата е незначително, односно 0,8% и 0,2% соодветно, при што данокот на донации забележува поголемо остварување за 102,6%. Набљудувано по одделни категории даноци, приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 5.658 милиони денари и забележуваат раст од 15,2% на годишна основа, при што речиси 2/3, односно 65,8% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 7,8% од приходи по основ на договор на дело, а 6,3% од приходи од игри на среќа. Приходите од данокот од добивка во првите шест месеци од 2014 година изнесуваа 2.687 милиони денари и забележаа пад од 6,2% во однос на истиот период претходната година, што е главно резултат на задржаниот данок на исплатени приходи на странски правни лица, данокот наплатен по основ на месечни аконтации и по даночни биланси, како и по исплатена дивиденда и друга распределба од добивката. Приходите од ДДВ забележаа забележителен раст од 15,0%, додека акцизите забележаа поголемо остварување за 7,0%. Приходите од царина беа остварени во износ од 2.134 милиони денари и забележаа зголемување од 1,6%. Приходите од други даноци со остварен износ од 513 милиони денари забележаа помало остварување за речиси 3 пати во однос на минатата година.




Неданочните приходи беа остварени во износ од 5.024 милиони денари и во однос на истиот период од 2013 година забележаа раст од 3,4% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се остварија во износ од 1.227 милиони денари (од вкупните приходи по оваа основа 946 милиони денари се уплатените средства од дивидендата на АД Македонски Телеком уплатена во април), што претставува намалување од 53,5% во однос на истиот период од претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 1.146 милиони денари, односно за 5,1% помалку во однос на истиот период лани.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 21.102 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 4,7% споредено со истиот период од 2013 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско осигурување е повисока за 4,8%, кај придонесите за здравствено осигурување за 4,5% и кај придонесите за вработување за 4,7%.

## Буџетски расходи

Во периодот јануари - јуни 2014 година вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 83.308 милиони денари, односно 16,8% од БДП, што е за 4,3% повеќе во однос на истиот период од 2013 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 74.861 милиони денари учествуваа со 89,9% (учество од 15,1% во БДП) и се зголемени за 4,2% во однос на истиот период од 2013 година.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 53.313 милиони денари (10,7% од БДП), а втори по големина се платите и надоместоците со 11.477 милиони денари. Во вкупните расходи на Буџетот, структурното учество на расходите за плати и надоместоци изнесува 13,8% и во однос на 2013 година се зголемени за 2,0%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 7.781 милиони денари и споредено со истиот период од 2013 година забележаа пад од 0,2%.

Трансферите забележаа зголемување од 5,1% споредено со истиот период во 2013 година и истите учествуваа со 64,0% во вкупните расходи. Социјалните трансфери изнесуваа 38.562 милиони денари, забележаа раст од 6,0% и учествуваа со 46,3% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 23.761 милиони денари, се зголемија за 6,8%, споредено со истиот период од 2013 година и учествуваат со 28,5% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 17,1%, односно забележаа зголемување од 2,5%, споредено со истиот период од 2013 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 7.169 милиони денари забележаа зголемување од 3,5% во однос на истиот период од претходната година. Субвенциите и трансферите беа остварени за 0,5% повеќе.

Каматните расходи изнесуваат 2.290 милиони денари, што е за 11,1% повеќе во споредба со истиот период од 2013 година. Расходите за камати од домашно задолжување беа зголемени за 45,8%, додека од странско задолжување беа намалени за 13,6%.

Во анализираниот период средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 8.447 милиони денари со структурно учество од 10,1% во вкупните расходи (1,7% учество во БДП), односно забележаа зголемување од 10,1% во споредба со истиот период лани.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари - јуни 2014 година во Буџетот на Република Македонија остварен е дефицит од 14.758 милиони денари, што претставува 2,97% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 12.624 милиони денари и претставува 2,5% од БДП.

# 4. Социјален сектор

## Број на нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ[1]

Во првите шест месеци од 2014 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 86.904 нови засновани работни односи. Од вкупниот број нововработени, 47,1% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Споредено со јуни 2013 година, бројот на засновани нови работни односи е поголем за 9,0%.

Во текот на јуни засновани се 15.289 нови работни односи, од кои 20,9% се од евиденцијата на невработени. Одливот на лица од Регистарот на Агенцијата за вработување на Република Македонија во јуни изнесува 6.289, од кои 50,0% претставуваат нови засновани работни односи. Во јуни 2014 година во Агенцијата е регистриран прилив од 4.256 лица, од кои 53,1% се лица на кои им престанал работниот однос. Така, во јуни 2014 година бројот на регистрирани невработени лица изнесува 101.176, а бројот на други невработени е 115.266.




Најголем дел од невработените, односно 72,6% се од урбани средини (градско население), а 58,1% се мажи. Анализирано според степенот на образование, поголемиот дел, односно 45,9% од невработените се без образование, со основно образование или со непотполно средно образование, 34,8% се со завршено средно образование, додека 19,3% имаат вишо или повисоко ниво на образование. Гледано според возрасни групи, најголемиот дел или 50,3% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето

[1] Со изменувањето и дополнувањето на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност (Службен весник на Република Македонија бр. 114/2012) извршени се измени и во делот на евиденцијата на невработените лица. Со овој Закон утврден е основ за воспоставување и водење две евиденции и тоа евиденција на невработени лица и евиденција на други лица кои се пријавуваат во Агенцијата за вработување.

на чекање на вработување, 40,3% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 14,7% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Согласно објавените податоци на Државниот завод за статистика, просечната месечна исплатена бруто плата по вработен во мај 2014 година изнесува 31.429 денари, додека просечната месечна исплатена нето плата изнесува 21.483 денари.

На месечна основа, во мај 2014 година просечната бруто плата бележи номинален раст од 1,3%, а реално истата е повисока за 1,0%. Просечната нето плата номинално е повисока за 1,5%, а бележи реален раст од 1,2%.

Во мај 2014 година во однос на мај 2013 година, просечната бруто плата бележи номинален раст од 0,6%, додека реално истата е повисока за 1,2%. Просечната нето плата номинално е повисока за 0,9%, додека на реална основа истата бележи раст од 1,5%.




На кумулативна основа, во периодот јануари - мај просечната бруто плата бележи номинален и реален раст од 0,1%, додека просечната нето плата на номинална и реална основа е повисока за 0,3%.

Зголемување на просечната месечна бруто и нето плата по вработен во мај 2014 година во однос на мај 2013 година се забележува во секторите: Стручни, научни и технички дејности (9,1% бруто плата и 10,9% нето плата), Градежништво (7,6% бруто плата и 8,2% нето плата) и Административни и помошни услужни дејности (4,9% бруто плата и 6,4% нето плата).

Зголемување на просечната месечна исплатена бруто плата по вработен во однос на претходниот месец е забележано во секторите: Рударство и вадење камен (26,2% бруто плата и 25,3% нето плата), Јавна управа и одбрана, задолжително социјално осигурување (4,2% бруто плата и 4,0% нето плата), Информации и комуникации (3,5% бруто плата и 5,1% нето плата) и Стручни, научни и технички дејности (3,5% бруто плата и 4,5% нето плата).

Процентот на вработени кои не примиле плата во мај 2014 година изнесува 1,6% и е за 0,1 п.п повисок. во однос на истиот месец од претходната година, како и во однос на април 2014 година.

## Пензии

Во јуни 2014 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 292.122 пензионери, што претставува зголемување од 1,7% во однос на истиот месец од 2013 година. Во однос на мај 2014 година бројот на корисници на пензија е поголем за 1.140 лица. Од вкупниот број пензионери, 58,8% се корисници на старосна пензија, 26,2% на семејна пензија и 15,0% на инвалидска пензија.




За исплата на пензиите во јуни 2014 година потрошени се 3.529,65 милиони денари, што претставува 54,9% од вкупните социјални трансфери[2].

Просечната пензија во јуни 2014 година изнесува 12.462 денари, што на годишно ниво претставува зголемување од 7,3%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во мај 2014 година (последни расположливи податоци) изнесува 58,0%.

# 5. Монетарен сектор

## Примарни пари

Во јуни 2014 година примарните пари[3] забележаа раст на годишно ниво од 2,2%, наспроти растот од 2,0% минатиот месец. Растот се должи на зголемените готови пари во оптек од 5,4%. Вкупните ликвидни средства на банките забележаа пад од 0,4% на годишна основа.




На месечно ниво, примарните пари забележаа пораст од 0,5%, како резултат на растот на готовите пари во оптек од 0,8% и на вкупните ликвидни средства на банките од 0,2% во однос на претходниот месец.

[2] Категоријата социјални трансфери ги опфаќа пензиите, паричниот надоместок во случај на невработеност, социјалната помош и расходите за здравствена заштита.

[3] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари)

Во јуни 2014 година, Народната банка на Република Македонија, во услови на стабилни движења, одлучи да ја задржи каматната стапка на благајничките записи на нивото од 3,25%.

## Депозитен потенцијал

Вкупниот депозитен потенцијал на банките[4] во јуни 2014 година забележа раст од 0,7% на месечно ниво наспроти непрометниот износ во претходниот месец. Анализирано според секторот, депозитите на приватните претпријатија забележаа раст од 2,9%, додека депозитите на домаќинствата забележаа раст од 0,2% во однос претходниот месец. Од аспект на валутата, депозитите во домашна валута забележаа раст од 0,8% додека депозитите во странска валута се зголемија за 0,6%.




На годишна основа, вкупниот депозитен потенцијал во јуни 2014 година се зголеми за 8,3%. Од аспект на валутата, во јуни 2014 се забележува раст на депозитите во домашна валута од 10,7%, кој доминантно го водеше растот на вкупните депозити на годишна основа, додека депозитите во странска валута се зголемија за 5,1%. Од аспект на секторот, депозитите на домаќинствата бележат раст од 7,4%, додека депозитите на претпријатијата се зголемија за 13,9%. Според рочноста, долгорочните депозити бележат раст од 21,2%, додека краткорочните депозити се зголемија за 1,1%.

## Кредити на банките

Во јуни 2014 година вкупните кредити на банките кон приватниот сектор забележаа раст од 1,3% на месечна основа (наспроти растот од 1,6% во мај), во услови на раст на кредитите кон домаќинствата од 1,4% и на кредитите на претпријатијата од 1,2%. Од аспект на валутата, денарските кредити се зголемија за 1,3%, а девизните кредити за 1,2% соодветно.

На годишна основа, во јуни 2014 вкупните кредити остварија раст од 8,5% (во мај растот изнесуваше 7,6%), во услови на раст на кредитите кон претпријатијата од 5,9% и раст на кредитите на домаќинствата од 11,8%. Според валутата, новото кредитирање е целосно во домашна валута. Кредитите во домашна валута се зголемија за 11,8%, додека оние во странска валута се намалија за 1,4%. Од аспект на рочноста пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 10,3%, додека краткорочните кредити се повисоки за 5,7%.

[4] Почнувајќи од јануари 2009 година депозитите вклучуваат пресметана камата

## Каматни стапки на депозитни банки

Во јуни 2014 година, вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 7,2% и е непроменета во однос на претходниот месец. Во однос на истиот месец од 2013 година таа е пониска за 0,5 п.п.. Каматните стапки на денарските и девизните кредити се непроменети во однос на претходниот месец, и на месечно ниво изнесуваат 7,5% и 6,3%, соодветно.




Вкупната каматна стапка на депозитите изнесува 2,5% и е за 0,1 п.п. пониска во однос на минатиот месец, додека во однос на јуни претходната година оваа стапка е пониска за 0,5 п.п. Каматната стапка на денарските депозити е намалена за 0,1 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 3,8%, додека каматната стапка на девизните депозити е непроменета од минатиот месец и изнесува 1,4%,.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на јуни 2014 година изнесуваа 1.873 милиони евра и во однос на претходниот месец се пониски за 47,1 милиони евра, а во однос на јуни 2013 година се пониски за 166,2 милиони евра.

Министерство за финансии

Сектор за макроекономска политика

www.finance.gov.mk

Извештајот го подготвија:

Ана Николова

Ангела Васовска

Анета Дудеска

Бојана Илиевска

Ѓоко Ѓорѓески

Копринка Сапунова

Неџати Куртиши

**Контролирал:** д-р Сања Киковска - Георгиевска

**Одобрил:** Јордан Трајковски

Скопје, август 2014 година